# КАКО ДО ПОЕФИКАСНА ЗАШТИТА ОД СЕМЕЈНО И РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО?

## Препораки за унапредување на механизмите за превенција и заштита



**ИЗДАВАЧ:**
Здружение Иницијатива на правата на жените од Шуто Оризари - Скопје

**ДИЗАЈН:**
Николина Николовска

Целта на оваа брошура е да ги мапира институционалните недостатоци во постапувањето по случаите на семејно и родово базирано насилство, а воедно и да ја зајакне меѓуинституционалната соработка, како и соработката со граѓанските организации.
Дополнително, целта на оваа брошура е да ја едуцира заедницата и воедно охрабри да ги препознае облиците на насилство и да побара помош за превенција од насилството.

British Embassy Skopje

UK International Development
Partnership | Progress | Prosperity

Овој производ е подготвен во рамки на проектот „Превенција и заштита од родово базирано насилство во Северна Македонија" финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.

UNFPA

Оваа публикација е подготвена со поддршка на УНФПА, Фондот за население на Обединетите нации. Ставовите изразени во оваа публикација се ставови на авторите и не ги претставуваат секогаш ставовите на УНФПА, Обединетите нации или која било поврзана организација.

Скопје, јуни 2025 година

# ОБЛИЦИ НА НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИТЕ

Под „насилство врз жените“ се подразбира секоја родово заснована повреда на човековите права што резултира или е веројатно да резултира со физичко, сексуално, психолошко или економско страдање или штета на жените, вклучително и закани за такви дејства, присила или произволно одземање на слобода, без разлика дали се случува во јавниот или приватниот живот.

Родовото засновано насилство е насилство насочено кон жената само затоа што е жена или кое непропорционално повеќе ги засега жените. Во оваа категорија, се појавуваат неколку различни облици на насилство врз жените, и тоа:

- **Физичко насилство** - секоја физичка повредаили дејство насочено кон телото на жената кое предизвикува болка или повреда (удирање, туркање, удирање со предмет, гушење и слично);

- **Психолошко насилство** - намерно дејствување или заплашување кое предизвикува страв, контрола, понижување, деградација, чувство на безвредност или губење на самодоверба. Ова насилство вклучува закани, навреди, омаловажување, уцени и емоционални манипулации;

- **Семејно насилство** - физичко, сексуално, психолошко или економско насилство што се случува во рамки на семејството или домаќинство, или помеѓу поранешни/сегашни партнери, без разлика дали сторителот живее со жртвата;

- **Економско насилство** - контрола или ограничување на економската независност на жената, преку забрана за одење на работа, одземање на платата, уцени со финансии, одземање на финансиите, економска зависност;

- **Сексуално насилство (вклучително и силување** - сексуален чин извршен врз жената без нејзина доброволна согласност

принуден сексуален однос или сексуален напад, без разлика дали се случува во брачна или интимна врска;

- **Сексуално вознемирување** - непосакувано сексуално однесување, зборови, допири, притисок и слично;

- **Следење/ вознемирување** - намерно и повторувачно дејствување што создава страв за сопствената безбедност (следење, шпионирање, појавување без дозвола и слично);

- **Присилен абортус и присилна стерилизација** - извршување абортус или стерилизација без слободна информирана согласност на жената;

- **Злоставување преку традиции и обичаи/традиционално насилство** - насилство оправдано преку култура, религија или обичај. Во овој облик се јавуваат и други подоблици:

    - присилен брак - присилување одредена жена да стапи во брак или одведување во странство со цел присилување да се стапи во брак;

    - женско генитално осакатување - извршување, поттикнување или принудување девојчиња и жени на осакатување на гениталиите;

# ПРЕПОРАКИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА МЕХАНИЗМИТЕ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И ЗАШТИТА ОД СЕМЕЈНО И РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО

Препораките во оваа брошура произлегуваат од реализираните работилници на тема„Преку заедничка соработка до превенција од семејно и родово базирано насилство“, на кои учествуваа вкупно 60 жени Ромки и 11 претставници од релевантни институции во Скопје, Куманово и Штип.

| Град | Локација | Учеснички од ромската заедница | Институции |
|---|---|---|---|
| Скопје | Ресурсен центар на Општина Шуто Оризари | 20 | Министерство за внатрешни работи Полициско одделение Шуто Оризари, Меѓуопштински Центар за социјални работи на Град Скопје, Народен Правобранител, Општина Шуто Оризари |
| Куманово | Здружение „ДАЈА“ | 20 | Министерство за внатрешни работи Куманово, Меѓуопштински центар за социјални работи на Град Куманово и Народен Правобранител - Куманово |
| Штип | Општина Штип | 20 | МВР - Штип, Народен Правобранител - Штип, Општина Штип, Здравствен дом Штип |

# ШТО ДОЗНАВМЕ ОД УЧЕСНИЦИТЕ ПРИ РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА РАБОТИЛНИЦИТЕ?

## Скопје

Во рамки на работилницата која се одржа во Скопје, а на која учествуваа жени Ромки и претставници од релевантните институции, беа идентификувани неколку групи на препораки кои се клучни за унапредување на системот за заштита и превенција од семејно и родово базирано насилство:

### 1. ЗГРИЖУВАЊЕ И ИНСТИТУЦИОНАЛНА ПОДДРШКА

- Зголемување на капацитетите на шелтер - центрите и кризните центри за жртвите на семејно и родово базирано насилство;

- Зголемени капацитети на шелтер - центри кои нудат згрижување од отворен тип;

### 2. ЕКОНОМСКА ПОДДРШКА И ДОМУВАЊЕ

- Ефикасни мерки за искористување на мерките за домување за жени жртви кои не се имотно обезбедени;

- Ефикасно одлучување од страна на Центрите за социјална работа во врска со  Гарантиран минимален приход и еднократна парична помош за жените жртви кои немаат никакви приходи (на пример, да им се плати кирија за одреден период);

- Едукации за имотно-правни односи и наследување насочени кон жените од заедницата;

## 3. ИНСТИТУЦИОНАЛНА КООРДИНАЦИЈА И ТРЕТМАН НА ЖРТВИ

- Зајакната мулти - секторска соработка помеѓу Министерството за внатрешни работи и Центарот за социјални работи;

- Зајакнат реинтеграциски процес и помош за жртвите кои се евидентирани при пријавување во Центрите за социјална работа и полиција;

## 4. ЛОКАЛНИ ПОЛИТИКИ И ПРОГРАМИ

- Креирање и усвојување на програма во рамки на Општина Шуто Оризари за превенција и заштита од семејно и родово базирано насилство;

## 5. ЕДУКАЦИЈА И ИНФОРМИРАЊЕ

- Едукации од најрана возраст во училиштата за различните облици на насилство и начините на превенција и заштита, од страна на релевантни институции како Министерството за внатрешни работи и Центарот за социјални работи;

- Теренски едукации за препознавање на насилството, начините за пријавување на истото и мотивирање на заедницата за обраќање до релевантните институции;



## Куманово

На работилницата во Куманово, учесниците посочија повеќе приоритетни области каде е неопходно подобрување на одговорот на институциите и зајакнување на поддршката за жртвите на насилство, и тоа:

### 1. ПОДДРШКА НА ЖРТВИТЕ И НИВНА РЕИНТЕГРАЦИЈА

- Формирање кризен центар во Куманово за итно сместување на жртвите во првите 12 - 42 часа;

- Отворање на шелтер центар во Куманово за сместување на жените жртви со нивните малолетни деца;

- Пристап до обуки, доквалификација и можност за вработување на жртвите преку Агенцијата за вработување;

- Зголемување на мерките насочени кон сторителите на семејно и родово базирано насилство, како задолжително лекување, психолошка помош и поддршка и следење на мерките од страна на судот;

- Зајакнување на психо - социјалната поддршка за жртвите преку вработување на поголем број психолози и социјални работници во институциите;

- Психолошка поддршка на членовите на семејството на жртвата, како задолжителен дел од превенцијата и третманот од насилство.

### 2. ИНФОРМИРАЊЕ И ПРИСТАП ДО УСЛУГИ

- Подобрување на информираноста за бесплатна правна помош и постоечките механизми за заштита преку теренски активности и соработка со граѓанскиот сектор;

- Подигнување на јавна свест и охрабрување на граѓаните да го пријавуваат насилството, макар и анонимно, со јасна порака за нулта толеранција;

## 3. ЕДУКАЦИЈА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА ЕФИКАСНОСТ

- Континуирана едукација и обуки за сензибилизација на службените лица од клучните институции, и тоа: Министерство за внатрешни работи, Центрите за социјална работа и здравствените институции, особено на локално ниво;

- Воспоставување на редовна мултисекторска координација помеѓу Министерството за внарешни работи, Центарот за социјални работи, здравствените установи и Јавното обвинителство;

- Законски измени со цел унапредување на заштитата на жртвите и овластувањата на институциите за побрзо и поефикасно постапување во случаите на семејно и родово базирано насилство;





## Штип

Реализираната работилницата во Штип резултираше со повеќе клучни препораки насочени кон подобра институционална координација, економска поддршка за жртвите и подигнување на јавната свест, и тоа:

### 1. ПОДДРШКА НА ЖРТВИТЕ И ПРИСТАП ДО УСЛУГИ

- Отворање на шелтер центар за згрижување на жртвите на семејно насилство во Штип;

- Системско информирање и упатување на жртвите до правна и психо-социјална поддршка, особено во првите 48 часа по пријавување на случаите на семејно и родово базирано насилство;

- Вклучување на жртвите во програми за обука, преквалификација и вработување со цел нивна економска независност, преку воспоставување соработка помеѓу Центрите за социјална работа и Агенцијата за вработување;

### 2. ИНСТИТУЦИОНАЛНА КООРДИНАЦИЈА И ЕФИКАСНОСТ

- Зајакнување на меѓуинституционална координација помеѓу МВР, ЦСР, здравствените установи, образовните институции и судовите, со цел поефикасно постапување по пријави за родово базирано насилство;

- Воведување на обврзувачки механизам за точно и навремено евидентирање на секоја пријава на насилство на сите надлежни институции, со цел да не се изгуби трагата на ниту еден пријавен случај;

- Зголемување на капацитетите на ЦСР и шелтер центрите од аспект на човечки ресурси, како и континуирана поддршка за функционирање на кризниот центар и шелтер центрите, со можност за продолжен престој и реинтеграција на жртвите; Континуирана едукација на стручните служби преку организирање на редовни обуки за службените лица

од сите сектори (полиција, здравство, социјалните служби и образовните институции) за препознавање, постапување и етички пристап кон жртвите на семејно и родово базирано насилство;

- Поттикнување етички пристап и емпатија од страна на службените лица при контакт со жртвите.

## 3. НАДЗОР И ОТЧЕТНОСТ

- Активирање на улогата на Народниот Правобранител во случаи на институционални пропусти;

- Континуирано информирање и поттикнување на граѓаните да се обратат до канцеларијата на Народниот правобранител кога институциите не постапуваат согласно нивните законски обврски по пријавите за случаите на семејно и родово базирано насилство;

## 4. ПОДИГАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСТ

- Развивање на јавни кампањи за подигање на свеста за родово базирано насилство, достапните механизми за заштита и значењето на пријавувањето на ваквите случаи.

Овие препораки се гласот на жените од ромската заедница и искуствата на институциите кои се клучни во помошта и поддршката на жртвите на семејно и родово базирано насилство, како и за унапредувањето на механизмите кои се дел од националното законодавство. За да изградиме систем што штити, неопходна е меѓусебната соработка, довербата во институциите и доследноста во примената на законите.

# СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ

*По оддржаната работилница во Скопје, во нашиот Центар за помош и поддршка на жени жртви на родово базирано и семејно насилство „ИМА ПОМОШ – ISI ARKA“ се обрати 27 годишна жена - жртва на семејно насилство, сопруга и мајка на двемесечно бебе. Имено, таа е во брак три години и по самото стапување во бракот, таа станала жртва на психичко насилство од страна на сопругот, кој имал проблем со зависност од коцкање. Набрзо таа дознала дека е бремена, но психичкото насилството преминало во физичко насилство од страна на сопругот и истото довело до спонтан абортус. Ваквото однесување се повторува и во втората бременост, каде таа повторно го губи плодот. Во целиот овој период, таа живее во заедница со родителите на нејзиниот сопруг, при што кон неа психичко насилство почнува да сторува и мајката на нејзиниот сопруг, која постојано ја навредува и му наметнува на својот син да ја избрка од домот сопругата. Покрај ова, сопругот започнува присилно да ја тера сопругата да подига брзи кредити на нејзино име, за да може тој да ги исплати своите долгови кај лихварите и таа започнува да тоне во брзи кредити. Во овој период, жената останала повторно бремена, со нејзина волја, бидејќи најголема жеба и било да има свое дете, но во меѓувреме, таа морала да даде отказ од работата поради ризична бремност. Физичкото насилство од страна на сопругот продолжило и во текот на бременоста (тепање, навредување, малтретирање), но и по породувањето, кога таа одлучила да си замине, но сопругот не и дозволувал да го земе двомесечното бебе, со изговор дека „крвта е негова“. Таа си заминува од неговиот дом, но без двомесечната ќерка поради силниот притисок и опасноста по нејзината безбедност и живот и се враќа во куќата на татко и. По една недела, ние ја реализиравме нашата работилница на која оваа жртва беше присутна. По завршување на работилницата, таа дојде во нашиот Центар да го пријави случајот, да и се подготви тужба за развод на бракот и да побара помош и поддршка за да си ја земе ќерка си од насилникот. Истиот ден, нашиот тим ја придружуваше жртвата до МВР – Одделение за спречување и превенција од семејно насилство, па оттука и до Клиника за психијатрија, се со цел комплетирање на документацијата за пријавување на случајот. Заедно се обративме во Меѓуопштинскиот Центар за социјални работи на град Скопје, жртвата поднесе пријава и со придружба од службени полициски лица отиде во домот на насилникот да си ја земе ќерка си, што резултираше со успех. Утредента дојде да изготвиме тужба за развод и истата ја предаде во суд.*

## СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ

*Неколку дена по реализирање на работилницата во Куманово, нè контактираше една од учесничките на самата работилница, на телефонскиот број кој беше споделен на крајот од истата. Таа не контактираше се со цел да побара помош и поддршка бидејќи заедно со своите деца, се жртви на долгогодишно психичко и физичко насилство од страна на нејзиниот сопруг.*

*По првичниот контакт, на жртвата и понудивме психосоцијална поддршка, односно, ја поврзавме со социјалната работничка се со цел детално информирање за постапката при пријавување на случајот на семејно насилство до релевантните институции, а потоа и со нашиот психолог да разговара со неа онлајн. Паралелно, нашиот тим стапи во контакт со надлежните во Центарот за социјални работи - Куманово, по што ја упативме жртвата да се обрати директно до нив. При поднесувањето на пријавата во полиција, понудивме присуство на наш соработник за помош и поддршка. Жената поднесе официјална пријава за семејно насилство, беше сместена заедно со своите деца на безбедна локација, а институциите се вклучени во постапката.*

## СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ

*По неколку дена од одржаната работилница во Штип, добивме телефонски повик од жена жртва која побара помош и поддршка во пријавувањето на свој поранешен партнер. Имено, по прекин на нивната кратка врска, поранешниот партнер почнал да објавува навредливи и понижувачки содржини за неа на социјалните мрежи, вклучувајќи закани и споделување на приватни фотографии без нејзина согласност. Погодена од ваквите случувања, жртвата се соочувала со огромен психолошки притисок, страв и истото резултирало со повлекување од секојдневната комуникација со своите врсници. По проценка на сериозноста на случајот, ги преземавме следните чекори: психолошка поддршка, односно, и понудивме разговор со психолог и таа започна со онлајн сесии со истиот; преку правно советување од стана на правната советничка, жртвата беше информирана за механизмите за заштита кои стојат на располагање и таа одлучи да поднесе пријава до полиција за онлајн вознемирување и закани. Дополнително, и помогнавме на жртвата да ги документира доказите, се со цел да го пријави профилот на социјалните мрежи. Го контактиравме нашиот соработник од Штип да ја придружува жртвата до МВР, се со цел пријавување на случајот, при што во меѓувреме содржините беа отстранети од социјалните мрежи. Активната работа со жртвата доведе до тоа истата повторно да се вклучува во социјални активности со своите врсници.*

## СОС ЛИНИИ И ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

**141 700**
Бесплатна линија за сите мобилни оператори (24/7)
Национален совет за родова рамноправност - НСРР

**15-315**
Кризен центар „Надеж“ (24/7)

**02/15-700**
Организација на жени на град Скопје - ОЖС (24/7)

**112**
Национален број за итни повици (24/7), со пренасочување до соодветна институција (МВР, брза помош…)

**070 385 831**
(понеделник - петок, од 9.00 - 17.00 часот)
Центар за помош и поддршка на жени жртви на родово базирано и семејно насилство **ИМА ПОМОШ - ISI ARKA**
ул. „Хаџи Јован Шишко“ бр.15, Скопје - Шуто Оризари